**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ВИШ УПРАВЕН СУД**
**СУ-04 бр.0401-14/2022**
**15.02.2022 година**
**Скопје**

Врз основа на член 36 од Законот за судска служба („Службен весник на РМ" бр.43/2014, 33/2015, 98/2018 и 198/2018) по спроведена постапка по објавениот Јавен оглас број 1/2021, заведен под СУ-04 бр.0401-149/2021 за вработување на судски службеници на неопределено време, објавен во дневните весници „Нова Македонија" и КОХА на 24.12.2021 година и Предлогот на Комисијата за селекција за вработување на судски службеници за работно место за Помлад судски соработник - Категорија В, ниво В-4, шифра на работно место СУД0101В04001 -2 (два) извршители, Претседателот на Вишиот управен суд, Исмета Амет, на ден 15.02.2022 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**- за избор за вработување -**

За работното место за Помлад судски соработник - Категорија В, ниво В-4, шифра на работно место СУД0101В04001 -2 (два) извршители, се избираат кандидатите:

- Мартин Толев
- Емран Исмаил

Решение за вработување со избраните кандидати ќе се донесе по правосилноста на оваа одлука.

**О б р а з л о ж е н и е**

Вишиот управен суд, објави Јавен оглас бр.1/2021 заведен под СУ-04 бр.0401-149/2021 за вработување на судски службеници на неопределено време објавен во дневните весници „Нова Македонија" и КОХА на 24.12.2021 година.

По спроведената постапка за селекција за вработување за работно место за Помлад судски соработник - Категорија В, ниво В-4, шифра на работно место СУД0101В04001 -2 (два) извршители, согласно со Законот за судска служба („Службен весник на РМ" бр.43/2014, 33/2015, 98/2018 и 198/2018) и Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас, формата, содржината и начинот на поднесување на пријавата, на спроведување на административната селекција, на испитите, проверката на веродостојност на докази и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција во

зависност од категориите на работни места, како и други прашања во врска со постапката за вработување на судски службеници („Сл.весник на РМ" број 236/2018), Комисијата за избор на судски службеници достави до Претседателот на судот, Предлог на кандидати за вработување во Вишиот управен суд, за работно место Помлад судски соработник - Категорија В, ниво В-4, шифра на работно место СУД0101В04001 - 2 (два) извршители, заведен под СУ-04 бр.0401-149/2021 од 11.02.2022 година. Со наведениот Предлог, се предлагаат кандидатите Мартин Толев и Емран Исмаил.

Согласно член 36 став 1 од Законот за судска служба (Службен весник на РМ бр.43/2014, 33/2015, 98/2018 и 198/2018), судскиот администратор, односно Претседателот на судот во кој не е избран судскиот администратор, во рок од 5 дена по добивањето на Предлогот од членот 35 став 1 од Законот, е должен да донесе Одлука за избор.

Имајќи ја во предвид наведена законска одредба како и Предлогот на кандидати за вработување во Вишиот управен суд, за работно место за Помлад судски соработник - Категорија В, ниво В-4, шифра на работно место СУД0101В04001 - 2 (два) извршители, заведен во овој суд под СУ-04 бр.0401-149/2021 од 11.02.2022 година, се одлучи како во изреката на оваа одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба во рок од 8 (осум) дена, од денот на приемот на одлуката за избор, преку Вишиот управен суд, до Советот за судска служба.

**Претседател на Виш управен суд**
**Исмета Амет**

**Доставено до:**
**- сите кандидати од конечната ранг листа**
**- архива**
**- на интернет страницата на Вишиот управен суд**
**- на огласната табла на Вишиот управен суд**